60370

15 шпиц
Четврток 10.1.2008

www.spic.com.mk

# Музејот реновиран, Пикасо пак во подрум

**Во скопскиот Музеј на современа уметност во депоата се чуваат и дела од светски познати уметници, како Александер Калдер, Виктор Вазарели, Роберт Адамс.**

Маја НЕДЕЛКОВСКА

Сликата „Глава на жена" на Пабло Пикасо уште долго ќе биде во подрумот на нашиот Музеј на современа уметност, без можност да биде изложена и покрај тоа што објектот беше реновиран неодамна.

Познавачите велат дека нашиот музеј ја има најголемата и најскапа збирка во Источна Европа, па надвор од умот е вакви дела да се чуваат незаштитени и во подрум.

Сега покривот не протекува, што беше наведувано како причина зашто не сме ја виделе postановката, па нејасно е зошто ексклузивните дела не се изложени.

Директорката на музејот, Елиза Шулевска, не успеавме да ја добиеме за одговор и покрај нашите упорни барања.

Уметникот Атанас Ботев, кој е и потпретседател на Друштвото на ликовни уметници на Македонија, рече дека не се знае во каква состојба се делата кои долго време се во подрум.

- Сите цивилизирани земји, кои имаат Музеј на современа уметност, имаат и постојана поставовка. Не знам која е причината зошто кај нас тоа не е случај. Изгледа овде некои не умеат да го препознаат квалитетот на она што го имаме - рече Ботев и додаде дека мора да се најде трајно решение за поставката да биде пред очите на јавноста.

Ликовниот уметник Александар Станковски нагласи дека е добро да биде поставено прашањето за изложување на делата на Музејот и дека не смее и понатаму да се занемарува големата вредност на збирката.

- Музејот не е галерија, па според тоа мора да има постојана поставовка. Навистина е потребно да се изложи збирката на МСУ, особено затоа што станува збор за вредни дела - рече Станковски.

Колекцијата на МСУ ја сочинуваат речиси 5.000 дела од домашни и од странски уметници. Освен од Пикасо, има дела од светски познати уметници, како Александер Калдер, Виктор Вазарели, Роберт Адамс, потоа значаен дел од уметниците од поранешна Југославија, како Петар Лубарда, домашните уметници, Личеноски, Мартиноски, Мазев, Пандилов и други.

МСУ во Скопје беше изграден во 1970 година и според некои податоци е седмиот по ред музеј од таква намена во светот.



Сликата „Глава на жена", Пикасо му ја подари на МСУ по скопскиот земјотрес во 1963 година